Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) Училишниот одбор при ООУ „Св. Климент Охридски“ Битола на седницата одржана на ден 23.02.2023 година го донесе следниот:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

ООУ„Св.Климент Охридски“- Битола е училиште кое е препознатливо со својата работа во средината во која се наоѓа.

Основна цел на Училиштето е образование, воспитание како и грижа на учениците кои се на училишна возраст. Работејќи според сите стандарди кои ги налага модерното време и современиот начин на живот ова училиште им нуди на сите ученици настава која е поткрепена со најсовремените методи на работа.

На тој начин сите ученици добиваат еднаков третман од наставниците и имаат еднакви можности за да го развијат својот потенцијал и да ја искажат својата креативност.

Основни цели и карактеристики на универзалната етика на ова основно училиште се: достојно извршување на функциите на сите вработени во училиштето, унапредување на наставната дејност, ширење на културата која е изградена и втемелена во работата на училиштето, почитување на традициите кои ги има училиштето, соработка со останатите училишта како и со Педагошкиот факултет во Битола и сите останати институции со кои ќе се склучува меморандум за соработка, грижа за учениците, давање на помош и развивање на општите хуманистички идеи.

Етичките норми и задачи кои ќе се разгледуваат во текстот кој следи важат за секој родител/старател во училиштето „Св. Климент Охридски“ - Битола. Овие норми потребно е да се почитуваат. Поради тоа се обврзуваат сите родители/старатели, со својата чест, свесност и одговорност дека ќе ги поддржуваат овие определби и норми како составен дел од својата дејност и кариера.

## II.ОСНОВНИ ПРАВИЛА

Родителите/старателите потребно е да се придржуваат кон следните насоки на однесување кога доаѓаат во училиштето:

- Редовно да се информираат за напредокот, поведението и редовноста на ученикот и при тоа користи: родителски средби, средби со предметни наставници, отворен ден за средба со наставници ( последен понеделник од месец и сл.);
- Задолжително на влезот на училиштето да се легитимира;
- Да доаѓа во училиштето во договорен термин за средба со класен раководител, предметен наставник, директор или педагошко-психолошката служба;

- Да го информира наставникот за секоја настаната ситуација во врска со ученикот, искрено, свесно и одговорно;
- Да не влегува во училницата за време на час;
- Да соработува со наставниците и педагошко-психолошката служба;
- Пристојно да се однесуваат за време на родителските средби, да не користат навреди кон наставниците и сите останати вработени во училиштето;
- Да не го оштетуваат училишниот инвентар;
- Да се вклучува во активностите на училиштето.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Кодексот на однесувањето на **родителите/старателите** во училиштето стапува во сила со неговото донесување.

02-81/12
23.02.2023година
Битола

Претседател на УО
_______________
Милена Мајсторовска